# Миланка Рашиќ ќе ги коментира Оскарите



По пристигнувањето на ѕвездите на Оскаровската церемонија на црвениот тепих пред театарот "Долби", ќе гледаме куси интервјуа со номинираните за Оскар.- Миланка Рашиќ

Миланка Рашиќ и годинава ќе биде коментатор на Доделувањето на оскарите, во директниот пренос на ТВ "Сител", в недела од 23,35. Прво ќе го проследиме пристигнувањето на ѕвездите на Оскаровската церемонија на црвениот тепих пред театарот "Долби", како и куси интервјуа со номинираните за Оскар и поранешните добитници.

Во студиото на "Сител", заедно со Миланка Рашиќ ќе коментираат и модниот дизајнер Ненад Секирарски и Кристијан Даниловски, директор за развој и извршен продуцент на "ФХ3Х", компанија за продукција на анимација и визуелни ефекти.

Потоа започнува 85-тото Доделување на оскарите, на кое ќе се појават и оскаровците Мерил Стрип, Жан Дужарден, Никол Кидман, Шарлиз Терон, Хали Бери, Сандра Булок, Риз Витерспун, а се очекуваат и музички настапи во живо на Адел, Барбра Стрејсенд, Ширли Бејзи и на Нора Џонс. Атрактивен ќе биде делот од шоуто посветен на филмовите со Џејмс Бонд, поради тоа што се одбележуваат 50 години од првиот Бонд филм.

Снимка од Оскарите, во траење од 2 часа, ќе се емитува следниот ден, понеделник, во 23, 30 часот. **(М.Ц.)**

# Вечерва "Златна Бубамара на популарноста"

Шеснаесеттата по ред "Златна Бубамара на популарноста" ќе се одржи вечерва во Универзалната сала во Скопје. Водител е Сашко Коцев.



Домаќин на шоуто и годинава .- Сашко Коцев

Годинешното мото е "Мелем за душа", а добитници на наградите за животно дело се уметникот Киро Урдин и фолк-дамата Виолета Томовска. Ќе бидат наградени најпопуларните личности и институции од областа на културата, естрадата, медиумите, маркетингот и спортот од Македонија и од Балканот. Снимката од шоуто ќе се емитува на "Канал 5" в сабота од 20 часот. **(М.Ц.)**

# "Џеј-Ел-Ес" промовираа нов парфем

**ВЕЛИКА БРИТАНИЈА (АП)** - Марвин Хјумс, Орице Вилијамс, Астон Мериголд и Џонатан Гил (од лево кон десно) од британскиот бенд "Џеј-Ел-Ес" го лансираат нивниот парфем "љубов", во клуб во центарот на Лондон.Тие изјавија дека создале парфем за да можат сите да мирисаат како "Џеј-Ел-Ес". Парфемот има цветен мирис со ноти на јасмин, бел чај, розова орхидеја и цвет од портокал.

Сите вистински состојки за љубов. Претходниот парфем на славниот бенд беше распродаден само три часа откако беше пуштен во продажба.

Претходниот парфем на славниот бенд беше распродаден само три часа откако беше пуштен во продажба

